**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-119/1**

**Скопје, 23.01.2006 година**

**ДО**
**ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**,,КОМУНАЛЕЦ" ДЕМИР ХИСАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Комуналец" Демир Хисар ( во понатамошниот текст „Комуналец") за 2004 година, кои се прикажани на страните од 9 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие ,,Комуналец,, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Гоце Цветановски - в.д. директор со неограничени овластувања од 08.01.2002 година до 21.03.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 14.11.2005 до 01.12.2005 година и од 12.12 до 16.12.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Весна Младеновска, ревизор,
   - Десанка Крстеска, ревизор,
   - Мирјана Симакоска, ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. „Комуналец“ во сметководствената евиденција не искажал обврски за даноци и придонеси од добивката, обврски за персонален данок и камати за ненавремено платени обврски за персонален данок од доход и данок на додадена вредност што е спротивно на Законот за данокот на добивка, Законот за персоналниот данок на доход, Законот за данокот на додадена вредност , Законот за трговските друштва, Записникот за извршениот инспекциски надзор на пресметувањето и плаќањето на сите јавни давачки за 2002 година и 2003 година заведен под број 16-56-1038/1 од 11.05.2004 година и поодделните Решенија издадени од министерството за финансии управа за јавни приходи Регионална дирекција Битола. Поради осознавање на состојбите и точниот износ на вкупните обврски по погоренаведените даноци и камати Главниот државен ревизор се обрати до надлежната институција со кое бара да се доставаат податоци за точниот износ на неплатените јавни давачки по наведените решенија со состојба 31.12.2004 година, но истите до денот на изготвување на ревизорскиот извештај не се обезбедени. Необезбедувањето на бараните податоци го оневозможи овластениот државен ревизор да ги изврши работите на државната ревизија од една страна и обелоденувањето и утврдувањето (квантифицирање) на вкупните обврски на име јавни давачки од друга страна.

10.1.2. ,,Комуналец” во сметководствената евиденција на име обврски за придонеси и персонален данок од плати има искажано обврска во вкупен износ од 101 илјада денари и тоа како што следува:

- придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 75 илјади денари;
- придонес за вработување во износ од 6 илјади денари;
- персонален данок од плати во износ од 20 илјади денари;

Неплаќањето на пресметаните даноци и придонеси на име плати е спротивно на одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за вработување и Законот заперсонален данок. Непочитувањето на одредбите на наведените законски акти и непревземањето на мерки за плаќање на придонесите од плати предизвикува потценување на приходот на фондовите каде се уплатуваат придонесите за годината за која „Комуналец“ имал обврска да ги уплати придонесите.

10.1.3. ,,Комуналец” во сметководствената евиденција на име извори на средствата на солидарноста искажал износ од 16 илјади денари кој произлегува од поранешни години за пресметани средства на солидарноста, без притоа да се превземат конкретни активности за нивно плаќање согласно Наредбата за уплата на средствата на солидарноста. Непочитувањето на наведената наредба и неуплатување на наведените средства во корист на трезорската сметка „средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди“ предизвикува потценување на приходите на Републиката наменети за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

10.1.4. “Комуналец“ нема план за јавни набавки, нема донесено Одлука за потребата од одделната набавка, не е утврден начинот и постапката за извршување на набавката, и не располага со регистер за извршените набавки, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Непревземањето на активности за изработка и донесување на наведените акти и непочитувањето на Законот за јавни набавки овозможува набавките на материјали, резервни делови и ситен инвентар да се извршуваат стихијно без претходно планирање на истите, односно можност на злоупотреби при јавните набавки.

**Препораки и мерки:**

1. „Комуналец“ да превземе активности и мерки во соработка со Министерството за финансии Управа за јавни приходи Регионална дирекција Битола да ги осознаее вкупните обврски на име даноци и камати, истите ги искаже во трговските книги и сметководствената евиденција и пристапи кон нивно плаќање.

2. “Комуналец“ во соработка со основачот да превземе соодветни активнисти и мерки кои ќе резултираат со соодветен план и програма за подмирување-плаќање на неплатените обврски од поранешни и тековната година на име даноци и придонеси од добивката, данок на додадена вредност, персонален данок на плати, придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за вработување, камати за ненавремено плаќање на обврските и средства на солидарноста согласно Наредбата.

3. ,,Комуналец“ да воспостави политики и процедури, со кои во моментот на пресметување и исплата на нето платите ќе изврши плаќање на законски утврдените даноци и придонеси од плати.

4. „Комуналец“ да воспостави соодветни процедури и постапки кои ќе овозможат евидентирање и плаќање на јавните давачки во моментот на настанување на нивната обврска.

5. „Комуналец“ да пристапи кон пропишување на соодветни постапки и процедури кои ќе овозможат изработка на потребните акти и нивно постојано ажурирање согласно Законот за јавните набавки.

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Не е извршен попис на материјалните средства, паричните средства, хартии од вредност, побарувањата и обврските, спротивно на Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на активности и мерки и непочитувањето на наведените законски и подзаконски акти за спроведување на пописот предизвикува неможност: да се утврди фактичката состојба на материјалните средства, паричните средства, хартиите од вредност, побарувањата и обврските, да се изврши нивно усогласување со сметководствената евиденција и за евентуално утврдените разлики да се изјасни органот на управување.

10.2.2. „Комуналец“ не превземал мерки и активности за: испитување на основаноста за постоењето на побарувањата и обврските, старосната структура на истите и превземање на соодветни законски мерки за нивна наплата, односно плаќање и покрај тоа што дел од побарувањата и обврските потекнуваат од поранешни години и се постари од три години, што е спротивно на Законот за трговските друштва и Законот за облигационите односи. Невоспоставувањето на соодветни политики и начела и непочитувањето на наведените законски акти предизвикува нереално и необјективно искажување на побарувањата и обврските односно нивна наплата-плаќање.

10.2.3. „Комуналец“ не превземал мерки и активности за пропишување на соодветни сметководствени политики кои ќе овозможат усогласување на аналитичката со синтетичката евиденција во трговските книги што е спротивно на Законот за трговските друштва. Непропишувањето на соодветните политики и начела и непочитувањето на законот предизвикува неусогласена аналитичка со синтетичка евиденција, непочитувањето на начелата на правилно водено сметководство и неможност од утврдување на реалноста и објективноста на биласните позиции.

10.2.4. ,,Комуналец“ во трговските книги искажува материјални средства (градежни објекти) за кои не постои веродостојна документација (имотни листови) со кои се докажува сопственоста односно акт од основачот за користење и стопанисување со истите, со исклучок за објект од 170 м2 на станбено комунална управа Демир Хисар, што е спротивно на Законот за трговски друштва и Законот за сопственост и други стварни права. Непочитувањето на законските акти и непревземањето на активности за обезбедување на соодветен акт од

основачот предизвикува неможност од утврдување на сопственоста на градежните објекти со кои располага и стопанисува ,,Комуналец“.

10.2.5. „Комуналец“ нема пропишани соодветни политики и начела за евидентирање на прием во благајна на граѓански чекови за наплата на приходи од извршени услуги на граѓани, што е спротивно на член 472 став 3 од Законот за трговските друштва. Невоспоставени политики и начела и непочитувањето на наведениот закон предизвикува неможност од следење на движењето на истите од моментот на приемот до нивната реализација и постоење на ризик од злоупотреба на хатриите од вредност.

10.2.6. „Комуналец“ нема пропишано соодветни политики и начела на евидентирање на промените во трговските книги и сметководствената евиденција врз основа на веродостојна и уредна документација што е спротивно на Законот за трговските друштва. Непропишувањето на соодветни политики и начела и непревземањето на активности за обезбедување на веродостојни и уредни документи за примените средства од Фондот за води на Република Македонија предизвикува нереално и необјективно искажување на позициите во Билансот на состојба за износ од 750 илјади денари.

10.2.7. „Комуналец“ нема пропишани соодветни политики и начела за евидентирањето, издавањето и признавањето на ситниот инвентар (авто-гуми, ХТЗ-опрема, специјален универзален алат) како трошок. Во моментот на издавање на ситниот инвентар целокупниот износ се евидентира на трошок, при што не е обезбедена евиденција за нивната употреба, што е спротивно на Законот за трговските друштва и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план. Непридржувањето кон наведените законски акти и непропишувањето на соодветни политики и начела овозможува појава на неправилна и нерационална употреба на ситниот инвентар.

10.2.8. „Комуналец“ во текот на своето работење воспоставило пракса на пренесување на парични средства од сопствената сметка на сметката на синдикалната организација на име позајмици на парични средства. На известувачкиот датум 31.12.2004 година висината на префрлените средства изнесува 833 илјади денари. Ваквиот начин на пренесување на парични средства е незаконски и за истите не постои уредна и веродостојна документација, што е спротивно на Законот за трговски друштва и Законот за јавни претпријатија. Непочитувањето на законските одредби предизвикува незаконски одлевање на парични средства од претпријатието и намалување на ликвидните средства.

**Препораки и мерки:**

1. ,,Комуналец“ да превземе активности и мерки за извршување на попис на материјалните средства, паричните средства, хартиите од вредност, побарувањата и обврските и нивно усогласување со состојбите во сметководствената евиденција.

2. ,,Комуналец“ да превземе активности и мерки за испитување на основаноста за постоењето на побарувањата и обврските, да ја утврди старосната структура на истите и за тие за кои ќе процени дека се ненаплатливи да предложи на

надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување во согласност со Законот за облигационите односи.

3. „Комуналец“ да превземе активности и мерки за воспоставување и пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат усогласување на аналитичката со синтетичката евиденција во трговските книги.

4. ,,Комуналец“ да превземе активности и мерки за утврдување на сопственоста на градежните објекти со кои располага, а за останатите градежни објекти да обезбеди акт од основачот со кој ќе се потврди правото на користење и стопанисување со истите.

5. ,,Комуналец“ да пристапи кон воспоставување на сметководствени политики и начела за прием и евидентирање на граѓанските чекови во благајна и следење на нивното движење од приемот до реализација во платниот промет.

6. „Комуналец“ да воспостави соодветни политики и начела за евидентирање на промените во трговските книги и сметководствената евиденција врз основа на уредни и веродостојни сметководствени документи и во соработка со Фондот за води на Република Македонија ги обезбеди сите потребни документи.

7. „Комуналец“ да воспостави соодветни сметководствени политики и начела за евидентирањето, издавањето и признавањето на ситниот инвентар како трошок.

8. „Комуналец“ да превземе мерки и активности за спречување на воспоставената пракса на одлевање на парични средства на синдикалната сметка.

10.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. На позицијата обврски спрема добавувачи за нефактурирани стоки, материјали и услуги во Билансот на состојба искажан е износ од 360 илјади денари на име вишок материјали на залиха. Искажаниот износ на вишок на материјали не е поткрепен со уредни и веродостојни документи, не е спроведен попис и не е познато од кои добавувачи потекнуваат што е спротивно на Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непочитувањето на законските акти придонесува нереално и необјективно искажување на позициите во билансот на состојба.

10.3.2. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 26 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 10 одговори, што претставува 38.46% од вкупно испратените, од кои 5 се потврдени односно 50% од пристигнатите а 5 не се потврдени, додека 16 воопшто не одговорија што претставува 61,54% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите комитенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. „Комуналец“ да воспостави сметководствени политики, начела и процедури при набавката и приемот на материјали на залиха, истиот да се врши со уредна и веродостојна документација и редовно усогласување на сметководствената со фактичката состојба во согласност со законските прописи.

10.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.4.1. „Комуналец“ извршил исплата на регрес за годишен одмор на вработените, без за тоа да одлучува Управниот одбор, спротивно на статутарните одредби и одредбите од Законот за исплата на платите во Република Македонија. Непочитувањето на законските акти и статутарните одредби предизвикува незаконско користење на средства во износ од 250 илјади денари.

10.4.2. „Комуналец“ во текот на 2000 година на име аванс извршил плаќање во корист на П.П. „Метрополитен“ Зенго, средства во износ од 521 илјада денари без веродостојни сметководствени документи и одлука од надлежен орган што е спротивно на Законот за трговските друштва и Законот за облигациноните односи. Плаќањето на средства во корист на друго правно лице и непрезентирање на соодветни документи за превземени мерки за поврaќај на истите средства предизвикува да се нанесе материјална штета на претпријатието и овозможување на противправна имотна корист на наведеното правно лице.

**Препораки и мерки:**

1. „Комуналец“ да воспостави процедури и да превземе соодветни мерки кои ке оневозможат исплата на одредени надоместоци во корист на вработените без да постои соодветен акт донесен од надлежен орган.
2. „Комуналец“ да превземе мерки и активности за утврдување на одговорноста на лицата кои придонеле да се изврши плаќање на име аванс без настанат должничко доверителен однос.

10.5. **Неправилности во ИТ системот**

10.5.1. „Комуналец“ нема воспоставено и пропишано соодветни безбедоносни политики за пристап до податоците во ИТ системот и обезбеден Back up (заштита) на податоците. Внесувањето на податоците во трговските книги од страна на вработените се извршува: со лозинка за пристап и најава во апликацијата без истата да се изменува во одреден временски интервал и во модули кои не се поврзани со автоматско раскнижување на податоците во трговските книги, што е спротивно на Законот за трговските друштва и меѓународните стандарди за безбедност и заштита на податоците. Непостоењето на безбедоносни политики за сеопфатна ИТ безбедност и заштита и некористењето на соодветни модули во ИТ системот предизвикува неусогласена аналитичка со ситетичка евиденција и можност за пристап до податоците на неовластени лица, изменување на податоците и финансиските извештаи и нивно уништување.

**Препораки и мерки:**

1. „Комуналец“ да пристапи кон : изготвување на стратегија и оперативен план за развој на информациониот систем, развивање и воведување на безбедоносни

политики за сеопфатана ИТ безбедност, менување на корисничката шифра на секои 60-90 дена, спроведување на процедури за архивирање на податоците (Back up) и користење на модули за автоматско раскнижување.

10.6. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.1; 10.2;10.3. и 10.4. предизвикуваат „Комуналец“ да: неискаже и неплати обврски за даноци и придонеси, камати за ненавренено платени даноци и придонеси; неизработи план и регистар за јавни набавки; неизврши попис на материјалните средства, паричните средства, хартиите од вредност, побарувањата и обврските; невоспоставил политики и начела за основаноста на постоењето на побарувањата и обврските, евидентирањето, издавањето и признавањето на ситниот инвентар; неусогласена аналитичка со синтетичка евиденција; пренесување на парични средства во корист на синдикалната организација без постоење на правен основ; искажување на вишоци на матријали без спроведен попис; исплата на регрес без одлука од надлежен орган, овозможена противправна имотна корист на друго правно лице во износ од 521 илјада денари и недоследности и неправилности во ИТ системот.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.3 и 10.5. финансиските извештаи не ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на „Комуналец“, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.; 10.2. и 10.4. кај „Комуналец“ не е остварено законско и наменско користење на средства во финансиските трансакции за 2004 година.

13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на “Комуналец“ во текот на ревизијата:

13.1. По завршување на ревизијата “Комуналец“ изврши корекција на одредени состојби на сметките во трговските книги за 2005 година по дадена исправка од страна на ревизијата која што има за ефект зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2004 година за износ од 1.295 илјади денари. Исправката е спроведена со налог број 8/1 од 23.12.2005 година.

.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 21/01/2006 година** **Максим Ацевски**

**Јавно комунално претпријатие "Комуналец " - Демир Хисар**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 15,948 | 19,170 |
| Останати деловни приходи | 3.2. | 270 | 199 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **16,218** | **19,369** |
| Материјални трошоци | 3.4. | 5,984 | 8,818 |
| Трошоци за бруто плати | 3.5. | 6,928 | 6,946 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.6. | 713 | 701 |
| Останати оперативни трошоци | 3.7. | 2,775 | 2,792 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **16,400** | **19,257** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.3. | 255 | 54 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.8. | 25 | 70 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **48** | **96** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **48** | **96** |
| **Данок од добивка** | | **43** | **43** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **5** | **53** |

Образложенијата дадени од страна  13-26 се составен дел на финансиските извештаи

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.*

**Јавно комунално претпријатие "Комуналец " - Демир Хисар**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 546 | 3,162 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 5,751 | 7,431 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3. | 833 | 70 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4. | 323 | 336 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5. | 250 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.6. | 614 | 614 |
| Залихи | 4.7. | 2,227 | 2,000 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10,544** | **13,613** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.8. | 2,208 | 2,119 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.9. | 337 | 337 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **2,545** | **2,456** |
| **Вкупна актива** | | **13,089** | **16,069** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.10. | 6,615 | 8,279 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.11. | 2,972 | 2,972 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.12. | 64 | 64 |
| Останати краткорочни обврски | 4.13. | 1,418 | 2,739 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.14. | 2 | 2 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **11,071** | **14,056** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.15. | 3,442 | 3,442 |
| Нето добивка | 4.16. | 5 | 0 |
| Пренесена загуба | 4.17. | 1,429 | 1,429 |
| Загуба за финансиска година | | 0 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **3,442** | **3,442** |
| **Вкупна пасива** | | **13,089** | **16,069** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | | | |

Образложенијата дадени од страна 13-26 се составен дел на финансиските извештаи

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.*

**Јавно комунално претпријатие "Комуналец " - Демир Хисар**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Добивка од финансиската година | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **3,442** | **0** | **(1,429)** | **2,013** |
| Добивка за финансиската 2004 година | | **5** | | **5** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **3,442** | **5** | **(1,429)** | **2,018** |

Образложенијата дадени од страна 13-26 се составен дел на финансиските извештаи

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.*

**Јавно комунално претпријатие "Комуналец " - Демир Хисар**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2004 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2004/2003** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **48** |
| Амортизација | 713 |
| Данок од добивка | (43) |
| **Готовински текови од работење** | **718** |
| Побарувања по основ на продажба | 386 |
| Побарувања од поврзани субјекти | (763) |
| Други краткорочни побарувања | 13 |
| Залихи | (227) |
| Обврски спрема добавувачи | (1,664) |
| Примени аванси, депозити и кауции | 750 |
| Краткорочни обврски од финансирање | (64) |
| Останати краткорочни обврски | (1,571) |
| Одложени плаќања на трошоци | 608 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(1,814)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (802) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(802)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(2,616)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **3,162** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **546** |

Образложенијата дадени од страна 13-26 се составен дел на финансиските извештаи

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1309-119/11**

**Скопје, 06.03. 2006 година**

Врз основа на член 27 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 73/2004-Пречистен текст) и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на Јавно комунално претпријатие „Комуналец“ Демир Хисар (во понатамошниот текст „Комуналец“) за 2004 година заведен под број 1304-119/10, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***

***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на точката 10.4.2. од Конечниот извештај за извршена ревизија на „Комуналец“ за 2004 година **делумно се прифаќа**.

2. Приговорот на точката 10.1.1. од Конечниот извештај за извршена ревизија на „Комуналец“ за 2004 година **не се прифаќа**.

3. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај преставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интегрира во Годишниот извештај.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на „Комуналец“ за 2004 година поднесен е приговор заведен под бр. 1304-119/10.

Образложенијата за прифаќање односно неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот на точката 10.4.2. од Конечниот извештај, кој се однесува на констатацијата дека “ во текот на 2000 година на име аванс извршил плаќање во корист на П.П. „Метрополитен“ Зенго, средства во износ од 521 илјада денари без веродостојни сметководствени документи и одлука од надлежен орган“, **делумно се прифаќа**, поради тоа што „Комуналец“ дополнително на ден 27.01.2006 година достави примерок од Договорот за отстапување на побарување (цесија) заверен на ден 08.03.1995 година. Во наведениот наод зборовите „во текот на 2000 година на име аванс“ се заменуваат со зборовите „врз основа на цесија склучена на ден 08.03.1995 година без да има претходно настанат должничко доверителен однос“.

2. Приговорот на точката 10.1.1. од Конечниот извештај кој се однесува на констатацијата дека ”Комуналец во сметководствената евиденција не искажал обврски за даноци и придонеси од добивката, обврски за персонален данок и камати за ненавремено платени обврски за персонален данок од доход и данок на додадена вредност“,**не се прифаќа**, поради тоа што доставените податоци содржани во фотокопие од надлежен орган за дел од обврските кои ги има по основ на даноци не се со состојба на известувачкиот датум 31.12.2004 година и не ги содржат потребни податоци за обврските на име придонеси.

**Главен државен ревизор**

**Скопје, 06/03/2006 година**

**Д-р Драгољуб Арсовски**